**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:


| Примено / Pranuar: | 29. 11. 2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njesia | Број / Numri | Прилог / Shtese | Вредност / Vlerë |
| 10 | 5190 | 1 | |


# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес

3. **Период опфатен со надзорот:** 7 ноември 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 ноември 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 20 септември 2019 година, за непочитување на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп1 бр. 03-419 од 20.09.2019 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес.*

   *Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (21.09.2019 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес, емитуван на 7 ноември

2019 година, на локално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена, односно ја отстранил извршената повреда на членот 92 ставови 1 и 3** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***